Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид („Службен гласник на Општина Охрид “бр. 8/07 и 1/08), Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Охрид објавува:

ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2027 ГОДИНА

I. Предмет на Јавниот повик

Општина Охрид го распишува овој Јавен повик со цел прибирање, разгледување и оценување на предлог-програми, проекти и активности од јавен интерес во областа на културата, кои, согласно резултатите од спроведената постапка, ќе бидат земени предвид при подготовката на Програмата за култура на Општина Охрид за 2027 година и при планирањето на потребните средства во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Постапката има за цел да обезбеди транспарентен, конкурентен и квалитетно структуриран избор на културни содржини кои придонесуваат кон развојот на локалниот културен екосистем, заштитата и афирмацијата на културното наследство, современото творештво, меѓународната соработка и поголемата достапност на културните содржини.

Поднесувањето на пријава и позитивното оценување на проектот не создаваат автоматско право на финансиска поддршка.

Конечната финансиска поддршка и висината на одобрените средства се утврдуваат во зависност од средствата обезбедени во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Проектите треба да имаат јасно дефинирани цели, целни групи, активности, очекувани резултати, временска рамка, мерливи показатели и реален и оправдан буџет.

Општи цели:

- развој и унапредување на културните дејности на територијата на Општина Охрид;
- заштита, негување, интерпретација и афирмација на материјалното и нематеријалното културно наследство;
- негување и афирмација на македонскиот јазик и домашното културно и уметничко творештво;
- поддршка на современото творештво, независната културна сцена, аматерското творештво и новите уметнички практики;
- поголема достапност и учество на граѓаните во културата, вклучително и лица и групи со ограничен пристап до културни содржини;
- поттикнување културна разновидност, интеркултурен дијалог, родова еднаквост и инклузивност;
- поддршка на млади автори и уметници, без финансирање на посебната програма „Културата расте со децата“, која е предмет на одделен јавен повик;
- развој на партнерства меѓу културни установи, здруженија, образовни и научни институции, приватниот сектор и меѓународни партнери;
- зголемување на меѓународната видливост на Охрид и поврзување со европски и светски културни мрежи;

- развој на културниот туризам на одржлив начин, со почитување на исклучителната универзална вредност на Охридскиот регион;
- поттикнување иновативни, дигитални, интердисциплинарни и еколошки одговорни културни практики;
- одбележување значајни датуми, јубилеи и поддршка на манифестации од посебен интерес за Општина Охрид.

II. Право на учество

Право на учество имаат:

- **физички лица –со живеалиште на подрачјето на Општина Охрид, кои со аплицираниот проект можат да придонесат кон културниот, општествениот и јавниот живот на заедницата како и уметници и самостојни уметници со живеалиште на подрачјето на Општина Охрид, кои вршат дејност од областа на културата;**

Право на учество имаат и малолетни физички лица кои на денот на поднесување на пријавата имаат навршено 16 години.

За апликант на возраст од 16 до 18 години, пријавата задолжително се поднесува со писмена согласност и потпис од родител или законски старател. Малолетното лице се наведува како апликант и носител на проектната идеја, а родителот, односно законскиот старател, се наведува како законски застапник и потписник на пријавата и на документацијата за која е потребен потпис.

Доколку проектот биде избран за финансиска поддршка, договорните, финансиските и другите обврски поврзани со реализацијата на проектот се уредуваат со договорот со Општина Охрид, согласно важечките прописи и правната способност на малолетниот апликант.

- ***правни лица со седиште на територијата на општина Охрид како и правни лиц***а *кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето* на Општина Охрид:
- ***установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти*;**
- ***физички и правни лица надвор од Општина Охрид*,** доколку имаат формализирана соработка со институција или здружение со седиште во Општина Охрид, а проектот се реализира во Охрид и создава јасна јавна културна вредност за градот.

Секој апликант е должен да обезбеди точни и проверливи податоци и да нема неисполнети договорни обврски кон Општина Охрид од претходно финансирани проекти, доколку такви постојат.

III. ОБЛАСТИ НА ПОДДРШКА

1. Изведбени уметности;
2. Музички уметности;
3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми;
4. Издавачка и библиотечна дејност;
5. Музејска дејност и промоција на културното наследство;
6. Меѓународна културна соработка;
7. Креативни индустрии и аудиовизуелни/дигитални уметности;
8. Инклузивна култура;
9. Културен туризам;
10. Филмска и аудиовизуелна уметност;

11. Истражувачка и научна дејност во културата.

Напомена: *Програмите за деца под мотото „Културата расте со децата“ не се предмет на овој Јавен повик и ќе се финансираат преку посебен јавен повик.*

IV. ПОСЕБНИ ЦЕЛИ ПО ОБЛАСТИ

1. Изведбени уметности

Поддршка на создавање, продукција, копродукција, изведба и презентација на театарски, танцови, балетски, перформативни, мултимедијални и други сценски проекти; развој на современи и традиционални сценски форми; драматизации и адаптации на дела поврзани со Охрид и македонското културно наследство; гостувања, фестивали, ревии и сценски манифестации; аматерско творештво и локални драмски иницијативи; проекти на млади и дебитантски автори, режисери, актери, кореографи и изведувачи; уметнички работилници, мастер-класови и програми за развој на сценска публика; интердисциплинарни проекти што ги поврзуваат сценските уметности со музика, визуелни уметности, литература, филм и нови медиуми.

2. Музички уметности

Поддршка на концерти, фестивали, музички манифестации, авторски проекти, нови музички дела и нивна изведба; класична, современа, традиционална, етно, џез, хорска, оркестарска, камерна, популарна и друга музичка продукција со културна вредност; зачувување и афирмација на охридската и македонската музичка традиција, вклучително и чалгиската традиција; поддршка на млади музичари и нови состави; музички снимања и продукција на аудио и аудиовизуелни содржини; нотни изданија; музиколошки проекти; архивирање и дигитализација на музичко наследство; едукативни програми, работилници и мастер-класови; гостувања и меѓународна размена на музичари.

3. Визуелни уметности и нови медиуми

Поддршка на сликарство, скулптура, графика, цртеж, фотографија, применета уметност, дизајн, инсталација, перформанс, стрип, илустрација, дигитална уметност, видео-арт и други современи визуелни практики; самостојни и групни изложби; ликовни колонии и резиденции; јавна уметност и уметнички интервенции во јавен простор; продукција на нови дела; проекти што користат нови технологии и интерактивни медиуми; дигитални изложби и виртуелни поставки; документирање и дигитализација на визуелно творештво; проекти на млади и неафирмирани автори; уметничка едукација и развој на публика.

4. Издавачка и библиотечна дејност

Поддршка на книжевни, стручни, научни, монографски, документарни и други изданија со културна вредност; поезија, проза, драма, есеистика, книжевна критика, преводи, антологии, зборници, каталози, библиографии, фотомонографии и електронски изданија; истражување и објавување на архивска и документарна граѓа; промоција на македонскиот јазик и книжевност; поддршка на млади и дебитантски автори; книжевни средби, промоции и програми за развој на читателска публика; дигитализација и зголемување на достапноста на публикации и книжевно наследство.

Едиција „Охридско наследство

Во рамките на Јавниот повик, Општина Охрид воспоставува посебна програмска линија за издавачка дејност под назив Едиција „Охридско наследство“, како продолжување и надградување на позитивното искуство и концептот на едицијата „Охридско книжевно наследство“.

Со новата едиција „Охридско наследство“ се проширува досегашниот концепт, така што издавачката дејност нема да биде ограничена исклучиво на книжевното творештво, туку ќе опфаќа дела, истражувања, монографии, публикации и други изданија од сите области на културата и културното наследство кои се непосредно поврзани со Охрид, неговата историја, идентитет, творештво и културна меморија.

Во рамките на едицијата можат да бидат поддржани изданија од областа на книжевноста и книжевното наследство; историјата и локалната историографија; археологијата; етнологијата и антропологијата; историјата на уметноста; ликовната и применетата уметност; музиката, музикологијата и охридската музичка традиција; архитектурата и урбаното наследство; материјалното и нематеријалното културно наследство; фолклорот, обичаите и традициите; традиционалните занаети; театарската, сценската, филмската и аудиовизуелната дејност; фотографијата и визуелната документација; музеологијата и заштитата на културното наследство; културната историја и развојот на институциите, манифестациите и значајните културни појави во Охрид; како и други области на културата кои придонесуваат за истражување, документирање, зачувување, афирмирање и пренесување на охридското културно наследство.

Општина Охрид како издавач или соиздавач

За изданијата избрани и реализирани во рамките на Едицијата „Охридско наследство“, Општина Охрид може да се јави како издавач или соиздавач на публикацијата, согласно важечките прописи, Програмата за култура и условите утврдени со Јавниот повик и договорот за реализација.

Поддршката не се сведува единствено на доделување финансиски средства на авторот или носителот на проектот, туку Општина Охрид може непосредно да учествува во создавањето на препознатлива и трајна општинска едиција, преку која систематски ќе се документира, зачувува и промовира културното наследство на Охрид.

Изданијата од Едицијата „Охридско наследство” треба да имаат препознатлив заеднички визуелен и издавачки идентитет, со јасна ознака на едицијата и на Општина Охрид како издавач или соиздавач, кога Општината ја има таа улога.

Цел на едицијата

Основна цел на Едицијата „Охридско наследство“ е создавање траен и систематизиран издавачки фонд посветен на Охрид, кој ќе ги обединува различните сегменти на неговото културно, историско, уметничко и духовно наследство.

Особено ќе се вреднуваат проекти кои: обработуваат недоволно истражени или недоволно документирани сегменти од културното наследство на Охрид; се темелат на релевантни извори, архивска граѓа, теренски истражувања или стручна документација; придонесуваат кон зачувување на локалната културна меморија; имаат долгорочна научна, културна, образовна или документарна вредност; овозможуваат културното наследство на Охрид да биде достапно за

младите генерации и пошироката јавност; и придонесуваат кон национална и меѓународна афирмација на културното наследство и современото творештво поврзано со Охрид.

За прво книжевно издание се доставуваат две рецензии, а за автор со повеќе издадени книжевни дела – најмалку една рецензија. За стручни, научни, монографски и други специјализирани изданија, Комисијата може да побара релевантно стручно мислење или рецензија соодветна на областа.

Со воспоставувањето на Едицијата „Охридско наследство“, моделот на „Охридско книжевно наследство“ се проширува од книжевноста кон сите области на културата, со цел постепено да се создаде репрезентативна библиотека на Општина Охрид која ќе претставува траен запис за културниот идентитет, творештвото и наследството на градот.

5. Музејска дејност и културно наследство

Поддршка на проекти за истражување, документирање, презентација, интерпретација, промоција и зголемување на достапноста на материјалното и нематеријалното културно наследство; музејски и тематски изложби; локални збирки и архиви; етнологија, фолклор, обичаи, преданија, традиционални знаења и занаети; усна историја и културна меморија; едукативни и интерпретативни програми; дигитализација и дигитална презентација на наследството; проекти што ја јакнат свеста за вредностите на Охрид и Охридскиот Регион, со почитување на режимите и прописите за заштита.

6. Меѓународна културна соработка

Поддршка на меѓународни партнерства, размена на автори, уметници, културни работници и организации; гостувања и презентации во земјата и странство; учество на фестивали, изложби, саеми, конференции и културни мрежи; резиденцијални програми; заеднички продукции и копродукции; соработка со збратимени и партнерски градови; проекти што го промовираат Охрид на меѓународната културна сцена; подготовка на партнерства и содржини што создаваат основа за идно учество во национални и европски програми и фондови.

7. Креативни индустрии и аудиовизуелни/дигитални уметности

Поддршка на проекти што ги поврзуваат културата, креативноста, дизајнот, технологијата и претприемништвото; графички и индустриски дизајн, мода и традиционални занаети во современ контекст; анимација, дигитално раскажување, подкасти, интерактивни содржини, виртуелна и проширена реалност, дигитални платформи и други нови медиуми; развој на креативни производи инспирирани од локалното наследство; проекти што создаваат нови начини за презентација и пристап до културните содржини, особено за младата публика.

8. Инклузивна култура

Поддршка на проекти што обезбедуваат еднаков пристап и активно учество во културата на лица со попреченост, социјално ранливи категории, лица од различни етнички и културни заедници, лица од рурални средини, повозрасни лица и други групи со ограничен пристап до културни содржини; пристапни формати и содржини; партиципативни и меѓугенерациски проекти; култура во заедницата; проекти што поттикнуваат дијалог, толеранција, недискриминација, еднакви можности и активно културно учество.

9. Културен туризам

Поддршка на културни маршрути, тематски тури, интерпретативни програми, културни мапи, водичи, дигитални алатки и други содржини што го поврзуваат културното наследство со одржливи форми на туризам; промоција на помалку познати културни локалитети и локални

приказни; традиционална култура, гастрономско и занаетчиско наследство кога имаат јасна културна компонента; развој на содржини надвор од главната туристичка сезона; поврзување на градското и руралното културно наследство; проекти што го почитуваат интегритетот и исклучителната универзална вредност на Охридскиот Регион.

10. Филмска и аудиовизуелна уметност

Поддршка на краткометражни, документарни, анимирани, експериментални и други аудиовизуелни дела со културна вредност; филмски проекции, ревии и фестивалски содржини; документарни записи за личности, настани, традиции и културни појави поврзани со Охрид; видеоархиви и дигитализација на аудиовизуелно наследство; развој на сценарија и истражувачки фази; проекти на млади автори; филмска едукација и развој на публика; користење на аудиовизуелниот медиум за современа интерпретација и промоција на локалната култура.

11. Истражувачка и научна дејност во културата

Поддршка на истражувања од областа на културата, културната историја, книжевноста, музикологијата, етнологијата, антропологијата, археологијата, историјата на уметноста, архитектурата, музеологијата, културниот менаџмент и сродни области; теренски и архивски истражувања; документирање и систематизација на културни појави и фондови; научни и стручни собири; подготовка на студии, анализи, бази на податоци и публикации; истражувања на културните потреби и публиката; проекти што создаваат стручна основа за идни политики, програми и заштита на културното наследство.

Наведените активности во рамките на посебните цели по области се индикативни и не претставуваат затворена листа. Може да бидат поддржани и други сродни, современи, интердисциплинарни или иновативни културни активности кои не се изречно наведени, доколку се во согласност со предметот и целите на Јавниот повик, имаат јасен јавен интерес и придонесуваат за развојот, достапноста, зачувувањето или афирмацијата на културата во Општина Охрид.

V. ФИНАНСИСКА РАМКА И ИНТЕНЗИТЕТ НА ПОДДРШКА

Максималниот износ што може да биде одобрен од Општина Охрид за учество во финансирање на еден проект изнесува 200.000,00 денари.

Висината на финансиската поддршка за избраните проекти се утврдува по донесувањето на Програмата за култура и Буџетот на Општина Охрид за 2027 година, во рамките на обезбедените средства, а начинот, условите и динамиката на исплата се уредуваат со договорот склучен со избраниот корисник.

VI. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ И СОДРЖИНА НА ПРЕДЛОГОТ

Пријавувањето се врши со пополнета пријава/апликација и проектен предлог. За да се овозможи споредлива и транспарентна евалуација, проектниот предлог треба најмалку да содржи:

- краток опис и образложение на потребата/проблемот на кој одговара проектот;
- општа и специфични цели;
- целни групи и корисници;
- опис на активности, методологија и временска рамка;

- очекувани резултати и мерливи показатели за успешност;
- тим и распределба на одговорности;
- план за комуникација, видливост и достапност до јавноста;
- ризици и мерки за нивно управување;
- одржливост и можност за продолжување/користење на резултатите;
- детален буџет по ставки, со образложение на трошоците и наведување други извори на финансирање.

Со пријавата може да се достават дополнителни материјали: портфолио, фотографии, линкови, писма за поддршка, покани, меморандуми, партнерски изјави, рецензии и други докази релевантни за оценувањето.

Еден апликант може да поднесе повеќе проектни предлози. Комисијата ги оценува и рангира проектните предлози поединечно, согласно утврдените критериуми.

Исполнувањето на минималниот број бодови не создава автоматско право на финансиска поддршка, а при предлагањето на проектите за поддршка Комисијата ги зема предвид квалитетот и рангот на проектите, бројот на пристигнати пријави и планираната финансиска рамка за култура за 2027 година.

Пријавата е во прилог на овој повик.

VII. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За правни лица:

- пополнета пријава/апликација
- копија од тековна состојба за регистрирана дејност, не постара од шест месеци;
- потврда за отворена и активна жиро-сметка во банка, не постара од шест месеци;
- референтна листа за реализирани програми, проекти, активности и манифестации во последните три години.
- потпишана изјава на апликантот, согласно образецот во Прилог А.

За физички лица:

- пополнета пријава/апликација;
- кратка биографија/CV;
- копија од документ/податок за идентификација и копија од трансакциска сметка на апликантот, согласно условите наведени во апликацијата.
- потпишана изјава на апликантот, согласно образецот во Прилог А.

За апликант на возраст од 16 до 18 години дополнително се доставуваат:

- потпишана Изјава/согласност од родител или законски старател за учество на малолетното лице на Јавниот повик;
- основни податоци за родителот/законскиот старател и негов потпис;
- друга документација што Општина Охрид може да ја побара заради склучување и реализација на договорот, согласно важечките прописи.

За апликанти надвор од Општина Охрид дополнително се доставува:

- Доказ за формализирана соработка со институција или здружение со седиште во Општина Охрид, во форма на потпишан договор, меморандум за соработка, партнерска изјава или друг соодветен документ од кој јасно произлегуваат соработката и улогата на локалниот партнер во реализацијата на проектот.

VIII. ПОДОБНОСТ НА ТРОШОЦИТЕ И ОГРАНИЧУВАЊА

Финансирањето се однесува на трошоци што се директно поврзани со одобрените активности, се неопходни за нивната реализација, се разумни и пазарно оправдани и можат да се документираат.

Општина Охрид не презема обврска за целосно финансирање на предложените програми, проекти и активности, туку, во рамките на своите програмски и буџетски можности, може да учествува во нивното кофинансирање и реализација. Висината и начинот на евентуалното финансиско учество се утврдуваат дополнително, согласно усвоената Програма за култура, расположливите буџетски средства и важечките прописи.

Како општо правило, нема да се прифаќаат трошоци што не се поврзани со проектот, двојно финансирани трошоци, казни и пенали, долгови, камати, трошоци настанати надвор од одобрениот период или трошоци без соодветна финансиска документација.

Вкупниот износ на средствата наменети за исплата на хонорари на лица ангажирани за реализација на одобрената програма, проект или активност може да изнесува најмногу 30% од вкупниот одобрен износ на финансиски средства од Општина Охрид.“

Конечната подобност на трошоците и одобрениот буџет на проектот се утврдуваат при конечниот избор и се уредуваат со договорот склучен со избраниот корисник.

IX. УСЛОВИ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА И НАЧИН НА ИСПЛАТА

Финансиската поддршка на избраните проекти се реализира по донесувањето на Програмата за култура и Буџетот на Општина Охрид за 2027 година, објавувањето на конечните резултати од Јавниот повик и склучувањето на договорот со избраниот корисник.

Одобрениот износ се исплаќа на следниот начин:

Прва рата – **50%** од одобрениот износ, авансно, по склучувањето на договорот, исполнувањето на договорните услови за исплата и поднесувањето барање за исплата од корисникот.

Втора рата – до **50%** од одобрениот износ, по завршувањето на проектот, доставувањето и одобрувањето на наративниот и финансискиот извештај со соодветна документација за наменското користење на средствата и поднесувањето барање за конечна исплата.

Наративниот извештај треба да го прикаже степенот на реализација на активностите, постигнатите резултати, бројот и профилот на корисници/публика, видливоста и евентуалните отстапувања.

Финансискиот извештај треба да содржи преглед на реализираните трошоци и соодветна документација согласно договорот и важечките прописи.

Доколку дел од средствата не се искористени, се користени ненаменски или не се оправдани со соодветна документација, Општина Охрид може да го намали конечниот износ, да не ја исплати втората рата или да побара враќање на средства, согласно договорот.

Конечниот износ на финансиската поддршка се утврдува врз основа на прифатените и документирани трошоци, најмногу до висината на одобрениот износ. Доколку исплатениот аванс го надминува конечниот прифатен износ, корисникот е должен да ја врати разликата во

рокот утврден со договорот. Роковите за исплата, реализација и доставување на извештаите се утврдуваат со договорот.

X. ОБВРСКИ НА КОРИСНИЦИТЕ, МОНИТОРИНГ И ВИДЛИВОСТ

- да го реализираат проектот согласно одобрениот предлог и договорот;
- да водат уредна проектна и финансиска документација;
- во промотивните материјали јасно да ја наведат поддршката од Општина Охрид и да ги користат официјалните визуелни ознаки согласно дадените насоки;
- на барање на Општина Охрид да овозможат увид во реализацијата и документацијата;
- да достават наративен и финансиски извештај во рокот и формата утврдени со договорот;
- да ги почитуваат применливите правила за авторски права, заштита на лични податоци, безбедност, пристапност и други релевантни обврски.

Општина Охрид има право да врши програмски и финансиски мониторинг во текот на реализацијата, вклучително и увид на лице место, проверка на докази за реализација и барање дополнителни појаснувања. Корисникот е должен да обезбеди соодветна документациска трага.

Апликантите и корисниците се должни да пријават реален или потенцијален конфликт на интереси.

Лице вклучено во подготовка, оценување или одлучување не смее да учествува во постапката кога постојат околности што можат да ја доведат во прашање неговата непристрасност.

Секоја суштинска промена на одобрениот проект, вклучително и промена на буџетот, временската рамка, локацијата или клучните активности, може да се изврши само со претходно писмено одобрение од Општина Охрид. Корисникот е должен навремено да достави писмено барање со образложение за предложената промена.

XI. ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ И РОК

Пријавите со целокупната документација се доставуваат во затворен коверт до Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид, со назнака:

ЗА ЈАВЕН ПОВИК
ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМИ, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2027 ГОДИНА

или лично во Архивата на Општина Охрид.

Јавниот повик трае најдоцна до 30.11.2026, до 15:00 часот.

Нема да се разгледуваат пријави доставени по рокот, пријави доставени на начин различен од утврдениот со повикот, како и нецелосни пријави без задолжителната документација. Доставените материјали не се враќаат.

XII. ОДЛУЧУВАЊЕ, ДОГОВАРАЊЕ, ПРИГОВОР И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Врз основа на административната проверка и бодирањето, надлежната комисија подготвува предлог за избор на проекти и предлог за висината на финансиската поддршка, кој се зема предвид при подготовката на Програмата за култура и планирањето на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Комисијата може да предложи финансиска поддршка во износ понизок од побараниот, согласно оценката за оправданоста и реалноста на предложените трошоци. Доколку предложениот, односно конечно одобрениот износ е понизок од побараниот, апликантот е должен, пред склучувањето на договорот, да достави усогласен буџет и, кога е потребно, усогласен план на активности. Намалувањето на финансиската поддршка не смее да ја доведе во прашање изводливоста на проектот, ниту суштински да ги измени неговите цели и очекувани резултати.

Оценувањето на административно подобните пријави се врши согласно критериумите и бодовната матрица утврдени со Правилникот, со максимален број од 100 бодови.

За финансиска поддршка можат да бидат предложени само проекти што освоиле најмалку 60 бодови.

Освојувањето на минималниот број бодови не создава автоматско право на финансиска поддршка. Проектите што го исполнуваат минималниот праг се рангираат согласно освоените бодови, а конечниот избор и висината на финансиската поддршка се утврдуваат согласно средствата обезбедени во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Проектите предложени за финансиска поддршка од страна на Комисијата се земаат предвид при подготовката на Програмата за култура на Општина Охрид за 2027 година и при планирањето на средствата во Буџетот на Општина Охрид за 2027 година.

Конечниот избор на проектите и висината на финансиската поддршка се утврдуваат по донесувањето на Програмата за култура и Буџетот на Општина Охрид за 2027 година, согласно обезбедените средства.

Конечните резултати од Јавниот повик се објавуваат по донесувањето на Програмата за култура и Буџетот на Општина Охрид за 2027 година, а планирано е нивното објавување да биде во текот на месец јануари 2027 година, на официјалната веб-страница на Општина Охрид.

По објавувањето на конечните резултати од Јавниот повик, со избраните корисници на финансиска поддршка Градоначалникот на Општина Охрид склучува договор со кој се уредуваат меѓусебните права и обврски, висината и намената на одобрените средства, начинот и динамиката на исплата, роковите за реализација, обврските за известување и правдање на средствата, како и други прашања поврзани со реализацијата на проектот.

Апликантот има право да побара образложение за резултатот и да поднесе приговор во рок од 7 (седум) дена, сметано од наредниот ден по објавувањето на резултатите на официјалната веб-страница на Општина Охрид.

Објавата содржи листа на избрани проекти со назив на апликантот и износ на одобрената финансиска поддршка, како и листа на неизбрани проекти, со почитување на прописите за заштита на личните податоци.

Приговорот може да се однесува на административната проверка, примената на критериумите или пресметката на бодовите и не претставува повторно стручно оценување на проектот, освен кога е утврдена грешка во примената на критериумите или бодирањето.

XIII. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел. 046 262 492 / 262 493, на е-пошта: kultura@ohrid.gov.mk или во Одделението за култура на Општина Охрид.

Прашањата и појаснувањата што се од општ интерес за сите апликанти може да бидат објавени на веб-страницата на Општина Охрид, со цел обезбедување еднаков пристап до информации.

Општина Охрид го задржува правото да го поништи Јавниот повик во случаите и според постапката утврдени со Правилникот.

Одлуката за поништување на Јавниот повик, заедно со образложението за причините, се објавува на официјалната веб-страница на Општина Охрид во рок од 5 (пет) работни дена од денот на нејзиното донесување.

Доколку се пристигнати пријави, сите апликанти писмено се известуваат за поништувањето и причините за донесената одлука во рок од 5 (пет) работни дена од нејзиното донесување.

КОНТРОЛНА ЛИСТА ЗА АПЛИКАНТОТ ПРЕД ПОДНЕСУВАЊЕ

Јавен повик за финансирање на програми, проекти и активности од јавен интерес во областа на културата на Општина Охрид за 2027 година

✓	ЕЛЕМЕНТ ЗА ПРОВЕРКА	КОНТРОЛНО ПРАШАЊЕ
☐	**Подобност на апликантот**	Дали ги исполнувам условите за подобен апликант согласно Јавниот повик?
☐	**Област на поддршка**	Дали јасно наведов во која област од Јавниот повик припаѓа проектот?
☐	**Опис на потребата**	Дали јасно објаснив кој културен проблем, потреба или можност ја адресира проектот?
☐	**Цел на проектот**	Дали целта е јасна, конкретна и усогласена со целите на Јавниот повик?
☐	**Јавен интерес**	Дали е објаснето зошто проектот е значаен за Охрид и за јавноста?
☐	**Целна група**	Дали точно е наведено кому му е наменет проектот и кој ќе има корист од него?
☐	**Активности**	Дали активностите се конкретно опишани и водат кон остварување на поставените цели?
☐	**Временска рамка**	Дали е јасно кога и по кој редослед ќе се реализираат активностите?
☐	**Очекувани резултати**	Дали наведов конкретни и реално остварливи резултати?
☐	**Индикатори**	Дали имам најмалку два мерливи индикатори преку кои ќе се докаже успешноста на проектот?

☐ **Културна и уметничка вредност**	Дали апликацијата јасно ја покажува културната, уметничката, стручната или општествената вредност на проектот?
☐ **Значење за Охрид**	Дали е објаснета поврзаноста на проектот со локалната култура, наследство, творештво, публика или културен развој на Охрид?
☐ **Квалитет и изводливост**	Дали проектот може реално да се спроведе со предложените активности, рокови, тим и средства?
☐ **Проектен тим**	Дали се наведени лицата што ќе го реализираат проектот, нивните улоги и релевантното искуство?
☐ **Искуство на апликантот**	Дали се приложени потребните референци, биографија или податоци за претходно искуство?
☐ **Буџет**	Дали секој трошок е директно поврзан со конкретна проектна активност?
☐ **Оправданост на трошоците**	Дали трошоците се реални, разумни, пазарно оправдани и доволно образложени?
☐ **Други извори на финансирање**	Дали се наведени сопственото учество и/или други извори на средства, доколку постојат?
☐ **Двојно финансирање**	Дали проверив дека истиот трошок не е финансиран од друг извор?
☐ **Достапност и инклузивност**	Дали е објаснето како содржината ќе биде достапна за публиката и, кога е применливо, за лица со ограничен пристап до културата?
☐ **Видливост**	Дали е предвидено како ќе се информира јавноста и како ќе биде означена поддршката од Општина Охрид?
☐ **Одржливост**	Дали е наведено што ќе остане како резултат или корист по завршувањето на проектот?
☐ **Ризици**	Дали се идентификувани главните ризици и начинот на нивно надминување?
☐ **Задолжителна документација**	Дали ги приложив сите документи што се задолжителни за мојот статус – физичко или правно лице?
☐ **Апликант од 16 до 18 години**	Ако сум малолетен апликант, дали е приложена потпишана согласност од родител/законски старател?
☐ **Издавачки проект**	Дали се приложени ракопис/материјал, рецензии и другите документи што се бараат за издавачката дејност и Едицијата „Охридско наследство“?
☐ **Изјави**	Дали се потпишани сите задолжителни изјави, вклучително и за точност на податоците, двојно финансирање и конфликт на интереси?
☐ **Потпис**	Дали апликацијата и сите документи за кои е потребно се уредно потпишани?
☐ **Конечна проверка**	Дали апликацијата е целосна, читлива, логично подредена и подготвена за доставување на начинот и во рокот определени со Јавниот повик?

ВАЖНО: Контролната листа е наменета за самопроверка на апликантот и не претставува дел од оценувањето. Означувањето на сите полиња не значи автоматски дека проектот ќе биде поддржан.

Апликацијата подлежи на административна проверка и квалитативно оценување согласно критериумите и начинот на бодирање утврдени со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за вклопување на предлог-идеи на програми, проекти и активности од областа на културата од јавен интерес на Општина Охрид.

ИНФОРМАТИВЕН ДЕЛ КОН ЈАВНИОТ ПОВИК

Овој дел има информативна и ориентациска функција и не ги заменува условите утврдени во основниот текст на Јавниот повик.

КРАТОК ВОДИЧ НИЗ ПОВИКОТ

Овој преглед е наменет за брза ориентација на апликантите. Деталните услови и правила се утврдени во соодветните поглавја на Јавниот повик.

Клучно прашање	**Каде да проверите**
Кој може да аплицира?	II. Право на учество
За што може да се аплицира?	III–IV. Области на поддршка и посебни цели
Колкав износ може да се бара?	V. Финансиска рамка
Кои активности и трошоци се дозволени?	VI и IX. Подобни активности и трошоци
Што мора да содржи проектот?	VII. Начин на пријавување и содржина на предлогот
Кои документи се задолжителни?	VIII. Задолжителна документација
Како се оценува?	XIII. Одлучување; деталните критериуми се во Правилникот
Како се исплаќа поддршката?	X. Начин на финансирање и исплата
Кои се обврските по избор?	XI. Обврски на корисниците
Како и до кога се поднесува?	XII. Доставување на пријавите и рок
Како се одлучува и приговара?	XIII. Одлучување, договарање, приговор и транспарентност
Дополнителни информации	XIV

Прилози кон Јавниот повик

Составен дел на овој Јавен повик се следните прилози:Пријава за учество (Прилог А), образец за наративен и финансиски извештај (Прилог Б) и Изјава за согласност од родител или старател (Прилог В), која задолжително се доставува доколку апликантот е малолетно лице. Сите апликанти се должни да ги користат пропишаните обрасци, согласно условите и обврските утврдени со овој Јавен повик.

Комисија за спроведување на Јавен повик

Претседател:

Весна Јованоска